Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ, ПОДРАЧЈЕ АРХЕОЛОГИЈА, НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, со своја Одлука бр. 2402-116/48 од 1.9.2010 година, избра Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање *насловен доцент* за наставно-научната област ***хуманистички науки***, подрачје ***археологија***, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Елица Манева,
2. проф. д-р Виктор Лилчиќ,
3. проф. д-р Кирил Цацков,

со внимание ги прегледа приложените документи и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Звонимир Николовски** е роден на 15 јануари 1957 година во Куманово, каде ги завршува основното и средното образование. Дипломира во 1981 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на наставно-научната студиска Група за историја на уметноста со археологија.

На 16 ноември 2000 година, магистрира на Белградскиот универзитет со магистерска теза од областа на археологијата на тема „*Римски некрополи во Кумановската област од I до IV век*”, под менторство на професор д-р Александар Јовановиќ.

Докторира на 14 август 2008 година во областа на археолошките науки, со темата „*Антиката во североисточниот дел на Македонија со посебен осврт на утврдувањата, населбите и комуникациите*” под менторство на професор д-р Александар Јовановиќ.

Во 1994 година д-р Звонимир Николовски се вработува во Народниот музеј во Куманово на работното место кустос-археолог за рана и доцна антика. Од 2005 година работи во Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура на Република Македонија, во Одделението за заштита на спомениците на културата, како советник-инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта.

***Наставно-образовна дејност***

На 22 декември 2009 година, кандидатот д-р Звонимир Николовски е избран во звањето *научен соработник* - еквивалентно со наставничкото звање *доцент* при Институтот за национална историја во Скопје, од кога со успех ги изведува предавањата и консултациите со студентите на втор циклус студии.

Вредно е да се истакне дека кандидатот изведува неколку предавања во рамките на активноста на НВО „Визианум“ во врска со археологијата на Куманово и Кумановско, како и во врска со археологијата на североисточна Македонија пред студентите од Летната археолошка школа „Пелагонија“.

***Научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Звонимир Николовски раководи со голем број научноистражувачки проекти, од кои би ги истакнале оние во регионот на Куманово, поврзани со античките некрополи и ранохристијански култни објекти, на археолошките локалитети Дрезга, село Лопате (1998-2000), Кисела Вода, село Липково (1998), Црквиште и Рамниште, село Клечовце (2001-2004).

Освен тоа, д-р З. Николовски е стручен соработник во истражувањата на античките некрополи на локалитетите по кампањите: Св. Илија, село Делагожда (1979-1982), Скупи - Источна некропола, село Злокуќани (1996-1997), потоа на тумулите од железно време на локалитетот Долинац, село Стрновац (2003).

Како стручен соработник учествува во истражувачките проекти на железнодобните и античките утврдени населби, градови и тврдини: Голем Град, Преспа (1981), Градиште, село Пелинце (1994, 1995, 2000), Костоперска Карпа, село Младо Нагоричане (2000), Голо Брдо, село Канарево (1997), Градишки Вр, село Градиште (2001).

Кандидатот д-р Звонимир Николовски е член на научноистражувачкиот проект *Пирајхме*, во координација на Народниот музеј во Куманово и партиципација на Српската академијата за наука и уметност во Белград (Србија) и Бугарската академија за наука во Софија (Бугарија).

Како активен член на асоцијацијата Македонско археолошко научно друштво (МАНД), д-р Звонимир Николовски е учесник на редовните собири при што ги истакнуваме неговите предавања на XVII симпозиум во Велес (2001) со темата „*Некрополата Дрезга, с. Лопате - Куманово, истражувања 1998-2000*“ и XVIII симпозиум во Гевгелија (2004) со темата „*Црквиште - Рамниште, с. Клечовце, Кумановско - истражувања 2001-2004 година*“.

Со предавање на тема поврзана со римскиот накит од некрополата Дрезга, село Лопате, кандидатот учествува на Научниот собир во Крагуевац во 2008 година, посветен на ликот и делото на академик Драгослав Срејовиќ.

Кандидатот е член и на Меѓународната асоцијација ИКОМОС за заштита на светското културно наследство.

Д-р Звонимир Николовски е автор на повеќе научни прилози со теми од археологијата, античкиот накит, античката камена пластика, култовите и религијата.

Посебно е значаен неговиот прилог „*Куманово и Кумановско од предисторијата до доаѓањето на Словените*“ во монографијата *Куманово* од 1996 година, каде што тој ги сумира истражувањата на претходните истражувачи од XIX и XX век, и во спој со резимето на сопствените истражувања оформува прегледна слика на основните културни процеси во Куманово и Кумановско од периодите на неолитот, бронзата, железото, раната антика, римскиот период, доцната антика и средниот век, видени и толкувани низ призмата на археологијата, историјата, старата географија и генезата на патните комуникации.

Д-р Звонимир Николовски продлабочено и студиозно навлегува во проучувањата на неколку тематски целини во археологијата.

На античкиот накит од римско време го посветува трудот „*Римски накит са некрополе на локалитету Дрезга код села Лопате – Куманово*“ (Крагујевац 2008). Неговата детална стилско-типолошка анализа на: обетките, прстените, белегзиите, фибулите, појасните копчи и иглите за коса, се базира врз листа сериозни научни трудови, но и врз сопствените согледувања на типолошката модификација на накитните форми.

На темата за античките култови д-р З. Николовски ги посветил трудовите „*Мермерна култа слика од околината на Кумановско*“ (Музејски гласник, Народен музеј - Куманово, 1998), „*Нови примери камена пластика од кумановскиот крај*“ (*Македонско наследство* бр. 6, Скопје, 1998) и „*Митраизмот во Кумановско*“. Во првиот дел се работи за детална анализа на една камена култна икона на божицата Атина, базирана врз сопствените но и консултацијата на авторитетите како што се А. Цермановиќ-Кузмановиќ, Н. Вулиќ, З. Дил, Ј. Буркард и други. Во вториот дел З. Николовски составува најнова слика за култот кон богот Митра во кумановскиот крај, врз основа на научните изводи на авторитетите: Ф. Кумон, Љ. Зотовиќ, А. Цермановиќ и други.

Посебно е значаен неговиот „*Прилог кон новите археолошки истражувања на двете царински станици и главни комуникациски јазли во кумановската област*“, списание „Корени“ бр. 8 (2003), каде тој утврдува хронолошки релации помеѓу станиците Визианум и Ламуд во времето на римските цареви Каракала и Гета, т.е. околу 211 година.

На проблемите околу утврдувањата и старите патни траси во доцната антика во североисточна Македонија, д-р З. Николовски ги посветува трудовите: „*Неколку утврдувања околу античката гранична тромеѓа во југоисточниот дел на кумановската*

*област“* (*Музејски гласник* бр. 10, НУ Музеј - Куманово), „*Три доцноанички опидуми во Кумановско“* (МАА 19) и „*Кратово и Кратовско во светлината на археолошките истражувања“* (*Гласник 4*, Музеј - Кратово, 2007).

***Стручно-апликативна, експертска и поширока активност***

Од стручните публикации го истакнуваме неговиот „*Водич низ лапидариумот на Народниот музеј од Куманово“*, публикуван во 1997 година, каде детално ги претставува камените споменици собрани во лапидариумот на кумановскиот музеј.

Д-р Звонимир Николовски учествува со реферат на собирот Советување за управувањето со културното наследство во Република Македонија и предизвиците на Европската конвенција од Ла Валета, одржано во Скопје во 2007 година.

Како стручно лице вработено во Управата за заштита на спомениците на културата на Република Македонија, од 2005 година до денес извршува повеќе стотини непосредни увиди во состојбите на археолошките локалитети и други видови споменици на културата во Република Македонија напишал и реферирал во Управата со повеќе десетици експертски извештаи.

Кандидатот е активен член на Комисија за археолошкиот сегмент од работите на хидросистемот Злетовица 2009.

Кандидатот говори англиски, српски и хрватски јазик, а се служи и со француски и бугарски јазик. Поседува познавање на софтверите Microsoft Office, Windows, Word, Corel, Power Point и активно користи Интернет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Сумирајќи ја горeизложената наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и поширока дејност на кандидатот д-р Звонимир Николовски, цениме дека се работи за солиден наставник во сферата на студии од втор степен, активен и научен работник во сферата на археологијата, историјата и културата и голем познавач на заштитата на културното наследство во Република Македонија.

Согласно со изнесените податоци, како членови на Рецензентската комисија, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, **кандидатот д-р Звонимир Николовски да биде избран во звањето наставник во насловно звање *насловен доцент* за наставно-научната област *хуманистички науки*, подрачје *археологија*, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елица Манева, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Лилчиќ, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Цацков, с.р.**

**ТАБЕЛА**

за вреднување на активностите на д-р Звонимир Николовски, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 1 | 3 | **3** |
| Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | 1 | 1,5 | **1.5** |
| Организатор на летна школа | 1 | 2 | **2** |
| Вкупно: | | | **6,5** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Учесник во научен проект | 17 | 2/3 | **34** |
| Раководител на научен проект | 7 | 4 | **28** |
| Вкупно: | | | **62** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 8 | 2/3 | **16** |
| Учество на стручен собир со реферат | 5 | 0,5/1 | **5** |
| Член на институтски орган, комисија | 2 | 2 | **4** |
| Вкупно: | | | **25** |
| **ВКУПНО** | **92,5** | | |